МАРТ 2023 / БРОЈ 31 - ПУБЛИКАЦИЈА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ WWW.ZKOMORA.COM.MK

# ЗАНАЕТЧИЈА



ЧЛЕНКИ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ, УЧЕСНИЧКИ НА ИЗЛОЖБАТА „ЖЕНИ ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО“





РЕАЛИЗИРАНИ СТРУЧНИ СЕМИНАРИ ЗА ФРИЗЕРИ И КОЗМЕТИЧАРИ СО ПОДРШКА ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА КОБЛЕНЦ - ГЕРМАНИЈА



ОДРЖАН ПРОМОТИВЕН НАСТАН ЗА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ „ДО ВРВОТ НА УСПЕХОТ ПРЕКУ ПАТОТ НА ЗАНАЕТОТ“






УСПЕШНО ОРГАНИЗИРАН НАСТАН МОВЕМБЕР 2022 ВО СКОПЈЕ СИТИ МОЛ

## ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ОДБЕЛЕЖУВА 90 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ











## ИЗВЕСТУВАЊЕ

САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ

ПОЧИТУВАНИ САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ РЕГИСТРИРАНИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАНАЕТЧИСТВО ВЕ ИНФОРМИРАМЕ ДЕКА ЗАНАЕТЧИИТЕ САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ НЕМААТ ОБВРСКА ДА ЗАПИШУВААТ ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИК.

ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ФИРМА

ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ ДЕКА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ БР.27-3053/1 ОД 03.04.2020 ГОДИНА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА РЕАЛНО ОДАНОЧЕНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ ИЗНЕСУВА 1.300,00 ДЕНАРИ, ЗА ПАУШАЛНО ОДАНОЧЕНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ ИЗНЕСУВА 350,00 ДЕНАРИ, А ЗА ВРШИТЕЛИТЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ РЕГИСТРИРАНИ КАКО ДООЕЛ И ДОО КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ФИРМА ИЗНЕСУВА 4.000,00 ДЕНАРИ.

## ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА ПОЛАГАЊЕ НА МАЈСТОРСКИ ИСПИТ ЗА ФРИЗЕР И КОЗМЕТИЧАР

ГИ ПОВИКУВАМЕ СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ФРИЗЕРИ И КОЗМЕТИЧАРИ КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:

1. Да имаат завршено средно образование од тригодишно, четиригодишно траење или потсредно образование и соодветна преквалификација доколку немаат диплома од средно стручно образование за фризер
2. Да имаат минимум три години практично искуство како самостоен занаетчија или пет години како работник кај занаетчија во соодветната дејност

**Да се пријават во Занаетчиска Комора Скопје на ул. Битпазарска бр.12 со пополнување на пријава за мајсторски испит за фризер и козметичар.**

## ПОВИК ЗА ПРИЈАВА ЗА ОБУКИ ЗА МЕНТОРИ ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ВО СЛЕДНИТЕ ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ:

-АВТОМЕХАНИЧАР
-АВТОЕЛЕКТРИЧАР
-ФРИЗЕР
-КОЗМЕТИЧАР
-ОПТИЧАР
-БРАВАР
-ИНСТАЛАТЕР ЗА ГРЕЕЊЕ И КЛИМАТИЗАЦИЈА
-ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕР И МОНТЕР
-ЕЛЕКТРОТЕХНИЧАР
-СЛАТКАР
-ПЕКАР
-ТАПЕТАР
-КРОЕЊЕ И ШИЕЊЕ

Еден од предизвиците на пазарот на труд е недостигот на квалификуван кадар со потребни практични вештини и компетенции. Во насока да се обезбеди иден кадар за стопанството Работодавачите доколку сакаат да земат ученик на практична обука потребно е да исполнат одредени стандарди во однос на стручен и друг кадар-ментор, односно да имаат кадар кој е сертифициран за работа со ученици. Согласно член 13 од Законот за стручно образование и обука надлежност на комората е организирање и спроведување на обуките на менторите и издавање на сертификат.

Согласно стандардот за стручен и друг кадар право на учество имаат лица кои се или работодавачи или вработени лица кај работодавачот, како и да има најмалку три години работно искуство во дејноста.

Подетални информации на  тел. 02 3 237-850, 078 312134

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ФИРМА.

**Ве известуваме дека согласно одлуката на Советот на Град Скопје**

бр.27-3053/1 од 03.04.2020 година висината на комуналната такса за реално оданочените занаетчии изнесува 1.300,00 денари, за паушално оданочените занаетчии изнесува 350,00 денари, а за вршителите на занаетчиска дејност регистрирани како  ДООЕЛ и ДОО комуналната такса за фирма изнесува 4.000,00 денари.

Имаме информација дека голем дел од занаетчиите регистрирани согласно Законот за занаетчиство се задолжени со највисокиот износ и тоа 4.000,00 денари.

Сите занаетчии што се задолжени повеќе од висината на износот што е содржан во одлуката ќе треба да се обратат во Град Скопје за намалување на задолжувањето по издаденото решение, со себе да понесат решение од Занаетчиска комора Скопје, Тековна состојба од ЦРМ и паушално оданочените занаетчии решение за паушално оданочување од УЈП за 2022 година. За подетални информации обратете се на 02 3 237-850.

## ДОДЕЛЕНИ ГРАНТОВИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗАНАЕТЧИИ ОД СТРАНА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



Општина Гази Баба додели грантовите за финансиска поддршка на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност. Овие грантови општина Гази Баба ги доделува во рамки на своите две програми: Програма за финансиска поддршка на мали и микро фирми, занаетчии и семејно земјоделско стопанство во рамки на која се доделија 10 грантови; Програма за старт ап фирми во рамки на која се доделија 3 грантови. Општина Гази Баба е една од ретките општини во Република Македонија која овозможува директна финансиска помош на малите и микро фирми од својата територија и со тоа дава поддршка на развојот на економијата во општината. Овие две програми ќе продолжат да се реализираат и во 2023 година.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани самостојни вршители на дејност регистрирани согласно Законот за занаетчиство Ве информираме дека занаетчиите самостојни вршители на дејност немаат обврска да запишуваат вистински сопственик. Доколку од банките каде сте депоненти со жиро сметки инсистираат да доставите документ за вистински сопственик доставете тековна состојба од ЦРМ во која кај занаетчиите ќе има објаснување со текст дека занаетчиите се ослободени од обврска да запишуваат востински сопственици.

**За сите подетални информации обратете се на 0223237850**

# ДОПИС ДО РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РСМ

**Од**
**Занаетчиска комора Скопје**
**Ул. Битпазарска бр.12, Скопје**

**До**

**Регулаторна Комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**
**ул. Македонија бр.25, Палата Лазар Поп Трајков, 6-ти спрат**
**М-р Марко Бислимовски-претседател**
**ПРЕДМЕТ: Барање за иземање на занаетчиите од категорија “останата потрошувачка”**

Почитувани,

Занаетчиите ја користат електричната енергија како ресурс за вршење на дејност односно вклучување на алатот за работа, затоплување и ладење на занаетчиските работилници.
Согласно чл. 2 од Законот за занаетчиство(Сл. Весник на РСМ бр. 215/15) став 1 точка 8, Занаетчиска дејност е занаетчиско производство, занаетчиски услуги и дејност на домашно и уметничко ракотворење.
Согласно чл.2 став 1 точка 9 од Законот за занаетчиство, занаетчиско производство е изработка на производи претежно по нарачки, во мали серии кое нема карактеристики на индустриско производство
Согласно чл.2 став 1 точка 10 од Законот за занаетчиство занаетчиски услуги се поправки и одржување на производите, уредите и објектите како и вршење на лични услуги.
Согласно погоренаведеното бараме да се направи разграничување на занаетчиите од трговските друштва кои вршат идустриско производство затоа што занаетчиите рачно работат и не користат машини за индустриско производство во процесот на вршење на занаетчиската дејност, туку алат за работа и електричната енергија им е неопходен ресурс.
Разграничувањето помеѓу занаетчиите и трговските друштва кои вршат индустриско производство можете да се направи со тоа што секој занаетчија е регистриран во занаетчиски регистар има решение издадено од Занаетчиска комора и во тековната состојба организациониот облик на занаетчиите е 13.2-занаетчија.
Поради погоренаведеното сметаме дека во тарифниот систем на продажба на електрична енергија на потрошувачите занаетчиите треба да се иземат од тарифата "останата потрошувачка" и да влезат во тарифа која ќе биде прецизирана за занаетчиите или во тарифа за домаќинствата, а не да се тарифираат во категорија останата потрошувачка со која се израмнети и со најголемите индустриски гиганти.
Целата постапка треба да се разгледа и утврди со одлука на Регулаторна Комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.


РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

До: ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ

Почитувани,

# Какви маки им создаде недела неработен ден на занаетчиите?

Објава во плус.инфо.мк



**Бизнисмените и занаетчиите велат дека одделни нелогичности во законите кои го регулираат правото во недела да не се работи, им создаваат проблеми во процесот на работа.**

**Ќе предложиме измени на законот во деловите кои се нелогични и создаваат проблеми во работењето, велат занаетчии и бизнисмени, откако Уставниот суд ја отфрли како неоснована иницијативата на Стопанската комора за преиспитување на уставноста на законските одредби за недела неработен ден.**

**Носителот на иницијативата Стопанската комора ќе чека да се објави одлуката на Уставниот суд, пред да даде некаков коментар или да реагира.**

– Правниот оддел ја следи постапката. Прво ќе треба да ја видиме одлуката па потоа на нашите органи ќе ја дискутираме и ќе заземеме став, кој потоа јавно ќе го соопштиме – **велат од Комората.**

**Од Занаетчиската комора, пак, веќе размислуваат да се сретнат со институциите и да побараат неколку измени во двата закона кои го регулираат прашањето на недела неработен ден.**

– Занаетчиската комора Скопје заедно со занаетчиите наскоро ќе има став и за ова прашање. Ќе бараме повторно средба со надлежните институции и ќе биде побарана измена на законското решение со прецизирање на одредбите од двата закона кои го регулираат прашањето за работа во недела – **вели извршната директорка на Занаетчиската комора Анета Атанасовска.**

**Според неа, одлуката на Уставниот суд најмногу ги засега занаетчиите кои вршат занаетчиско производство или услужна занаетчиска дејност која е тесно поврзана со работа во недела.**

– Ставот на занаетчиската комора Скопје кој беше презентиран и пред надлежните институции е дека самостојниот вршител на дејност не е работник согласно законот за работни односи и може да работи во недела. Но имаме занаетчиски бизниси како што се пекарници, слаткарници, и др. кои можат да работат во недела, но не може да вршат продажба што е многу нелогично решение и прави проблем на терен – **вели Анета Атанасовска, извршна директорка на занаетчиската комора.**

**Неработниот ден се регулира во два закона – Законот за трговски друштва и законот за работни односи. Има голем број нелогичности кои произлегуваат од непознавање на процесот на работа во занетчиството што создава проблеми во нормалното работење.**

– Апсурдот е во тоа што занаетчиите можат да ги ангажираат вработените во производството а се казнети доколку вработен во занаетчиски сектор работи на продажба на пекарски производи. Законското решение е дека работникот треба да врши производство, а сопственикот – занаетчија продажба, но законодавецот не знае дека на терен реалноста е дека занаетчијата е мајсторот којшто работи во работилницата, дека занаетчијата се соочува со дефицит на работна сила во секој занаетчиски сектор и тој мора да биде вклучен директно во процесот без разлика дали е производство или услуга – **појаснува Атанасовска.**



**Законското решение со кое недела е неработен ден, стапи на сила од 1 јануари годинава.**

**Законот предвидува дека недела е ден за одмор за 92 отсто од работниците во земјава. Исклучок има за оние работни места каде не може да се прекине работниот процес односно за околу 8 отсто од работници. Оние кои работат во недела треба да земаат додаток на плата од најмалку 50 отсто за секој час поминат на работа доколку со закон или колективен договор не е утврден повисок износ. Предвидено е да користат и слободен ден во наредните седум дена.**

## Извадок од Локално мк



Мали се надежите дека овозможената субвенционирана, фиксна цена  од 80 евра за мегават час ќе ги намали цените на голем дел од прехрамбените производи. Стопанствениците од пекарската индустрија не го споделуваат оптимизмот на владата за снижување од барем 10%, посочувајќи дека формирањето на цената на лебот е комплексно прашање кое не е условено само од износот на сметката за електрична енергија. Во оваа насока е и нивниот аргумент според кој сите производители на леб и пецива не печат на струја.

„Нашиот најголем производител на леб- Жито Лукс користи печки на гас, а ова е случај и со останатите големи производители. Дел од пекарите имаат поставено фотоволтаици, а некои имаат печки на дрва", **вели за Локално, Марјан Митревски- сопственик на пекара и член на Занаетчиската комора Скопје.**

Како услов за стабилна цена на пекарските производи, Митревски ја посочува потребата од интервенција и помош на државата во делот на домашното производство на жито. Сегашната ситуација во која Македонија е во голем процент зависна од увоз, е проблематична со многу негативни последици. Оттука, според него, првиот фактор кој влијае врз тоа колку ќе чини векна леб е цената на лебното брашно кое нашата држава го увезува.

„Работите би биле многу поинакви доколку имаме наше брашно и државни резерви на жито кои по поволна цена би можеле да се измелат во домашните  мелници. За жал, ситуацијата е сосема различна бидејќи немаме доволно посеано жито на нашите ниви", **вели Митревски.**

Во прилог на аргументите како се формира цената на лебот посочува неколку едноставни математички пресметки. Колку ќе чини векната најмногу зависи од  брашното кое како што вели  само пред еден месец изнесувало 28 денари (тип 500), а сега изнесува од 32 до 34 денари. Поскапен е и квасецот и тоа за 20 денари и сега чини 75 денари, а важен фактор е и маслото за јадење. Во вкупните калкулации влегуваат и платите, особено  по покачувањето на минималната плата.



**Слични се размислувањата и на стопанствениците во млечната индустрија.**

Очекувањата на  министерот за економија Крешник Бектеши  пак се дека ќе има намалување на цената на основните прехранбени производи од 5 до 13 отсто. Како позитивен сигнал го посочи фактот дека веќе почнал трендот на намалување на цените на одредени производи, особено  на лебот, млекото, млечните и на некои месни производи.

# Реализиран стручен семинар за козметичари со подршка од Занаетчиска комора Кобленц –Германија



На 30 и 31 октомври 2022 година во организација на Занаетчиска комора Скопје со подршка од Занаетчиска комора Кобленц се одржи дводневен стручен семинар за козметичари на кој ќе се разработија следните теми:

*1.Кислородна масажа на лице*

*2.Лифтинг масажа*

*3.Медицински педикир*

*4.Новитети во козметиката*

За обучувачот на семинарот беше ангажирана Јасмина Иванова долгогодишен експерт во козметиката од Р. Бугарија.

На семинарот учество земаа 17 кандидатки членови на секцијата козметичари кои се стекнаа со сертификати за учество за стекнати знаења за темите кои беа практично обработувани.







# Реализиран стручен семинар за фризери со подршка од Занаетчиска комора Кобленц –Германија

На 30 и 31 октомври во организација на Занаетчиска комора Скопје со подршка од Занаетчиска комора Кобленц се одржи стручен семинар за фризери на кој се разработија следните теми



*1.Техничка изработка, мешање на бои круг на бои и нивна рефлексија*

*2.Основно шишање*

*3.Шишање боб фризура*

*4.Трендовско шишање*

За обучувачи на семинарот беа ангажирани два експерти од Занаетчиска комора Кобленц Ансгарт Банер и Ромина Лофлер. На семинарот учество земаа 14 членови на секцијата фризери и се стекнаа со сертификати за стекнати вештини и знаења за темите кои беа обработувани на дводневниот семинар.







# Реализирана обука за финансии, даночни обврски и новини во законската регулатива за занаетчии и вршители на занаетчиска дејност



## Занаетчиска комора Скопје организира обука на ден 25.09.2022 година на тема обука за финансии, даночни обврски и новини во законската регулатива.

**На обуката членките имаа можност да присуствуваат со физичко присуство или да се вклучат онлајн преку zoom платформата. На обуката за обучувач беше ангажиран експертот за финансии и даноци Иван Стојанов и беа разработени следните теми**

**Кои се обврските на занаетчиите-самостојните вршители на дејност кои произлегуваат од Законот за данокот на личен доход:**

- Обврски за водење на деловни книги;
- Пресметка и уплата на данокот на личен доход;
- Услови за стекнување на статус паушалист;
- Евиденциски обврски;
- Даночни ослободувања и олеснувања;
- Кој има обврска да состави и достави годишна сметка и даночен биланс (Образец – Б и ДЛД – ДБ);
- Рокови;

**Исто така на семинарот се разработуваа обврските ма занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност кои произлегуваат од Законот за данокот на добивка и обврски за фиускализација:**

- Оданочување на добивката;
- Евиденциски обврски;
- Даночни ослободувања и олеснувања;
- Оданочување на данок на вкупен приход;
- Оданочување на данок на добивка.
- Роковиза поднесување на даночните пријави;
- Кој има обврска за воведување и ставање во употреба на фискален систем на опрема?
- Обврска за водење на книга за дневни финансиски извештаи (КДФИ-01);
- Кој има обврска за воведување на резервен фискален апарат?
- Водење на Итна сметководствена книга и издавање на парагон блок; - Кои придонеси ги плаќаат самостојните вршители на дејност за себе и своите вработени?
- Начин на пресметка на придонесите;
- Најниска и највисока основица за пресметка на придонеси;
- Рокови за пресметка и уплата на придонесите;

**Со учесниците се разработуваа и обврските кои произлегуваат од Законот за ДДВ**

- Услови за регистрација и дерегистрација за ДДВ;
- Стапки на оданочување на занаетчиските услуги од аспект на ДДВ;
- Евиденциски обврски кои произлегуваат од Законот за ДДВ;
- Издавање на фактура во услови кога занаетчијата не е регистриран за ДДВ.

И новините кои произлегуваат со измените на Законот за работни односи:

- Ден недела неработен ден (обврски кои произлегуваат од Законот за работните односи, исплата на додаток за работа во недела, задолжително користење на неделен одмор, пријавување за работа во недела и прекршочни санкции)
- Обврски за пријава на работно време;
- Склучување на договор за вработување;
- Водење на евиденција на вработени;

**На обуката присуствуваа 50 членки од најразлични секции при комората, и има можност да се организира повторно затоа што темите се многу значајни и опфаќаат многу прашања од секојдневното функционирање на занаетчиите. Постои можност заинтересираните членови за оваа обука да се пријават на мејл:info@zkomora.com.mk, или на тел. 23237-850**



# Одржана јубилејна манифестација 90 години Занаетчиска комора Скопје



На 21.12.2022 се одржа јубилејна манифестација 90 години Занаетчиска комора Скопје. На настанот присуствaa 200 гости од занаетчиите, претставници на институции, донатори, партнери.

На настанот свое обраќање имаа и Министерот за Економија г-дин Крешник Бектеши, министерот за образование г-дин Јетон Шаќири, Директорката на Управата за јавни приходи Сања Лукаревска и Градоначалничката на град Скопје Данела Арсовска.

Во рамките на настанот се доделија плакети за занаетчии кои дадоа значаен придонес за занаетчиството и на институции со кои комората имала долгогодишна соработка.



Исто така се доделија и 20 мајсторски допломи за козметичар кои се на VБ ниво во Националната рамка на квалификација.

Настанот го збогати ревијата на фризури изработена од мајстори –фризери членови на Фризерската секција-Скопје кои изработија прекрасни фризури кои беа





презентирани на настанот. Ревија на фризури имаа ученици од Средното стручно училиште СУГС Димитар Влахов.

Занаетчиска комора Скопје го обележа 90 годишното постоење од далечната 1932 година. Занаетчиската комора Скопје имала значајно место во економското подигање на занаетчиството во изминатиот период иако и тогаш занаетчиите се бореле против сивата економија и нелојална конкуренција Денес занаетчиството се соочува со уште поголеми предизвици како што се здравствената и економската криза. Растот на цената на енергенсите, инфлацијата, растот на влезните трошоци, недостаток на работна сила и недостапност на поволни финансиски средства кои го загрозуваат занаетчиството, и за ублажување на овие проблеми ни треба поддршка од државата .



Неопходна е стабилна даночна политика, флексибилно трудово законодавство, јакнење на правната положба на занаетчијата и неговата сигурност во системот, финансиска дисциплина и подобра наплата на побарувањата, стручно образование кое ќе обезбеди млади луѓе во занаетчиството-истакна Претседателот Горан Ристовски.

Една од целите на Занаетчиската комора Скопје е подигнување на имиџот на занаетчиството и промовирање на можностите на оваа стопанска гранка и перспективите што ги нуди за развој на економскиот систем во насока на намалување на невработеноста, како и враќањето на значењето на занаетчиската традиција во Македонија.
Малите и средни претпријатија и занаетчиството генерираат вработеност и економски раст, поради што, во последните години континуирано се наметнува потреба за нивна поддршка и зајакнување.




























# Учество на Занаетчиска комора Скопје на Конференција “Женско претприемништво во РСМ и неговата улога во даночниот систем“



*Конференција “Женско претприемништво во РСМ и неговата улога во даночниот систем“ организирана од страна на сопругата на Претседателот,-Елизабета Ѓоргиевска, министерката за труд, Тренчевска, Н.Е. амбасадорот на Р.Словенија, Милан Предан, претставници на меѓународни организации, на здруженијата за родова еднаквост, Стопанските комори и Занаетчиска комора Скопје, се заклучи дека економски независна жена, значи потенцијал за развој и на семејството и на државата.*

*Преку системски пристап, обезбедување на финансии за отпочнување на бизниси, даночни ослободувања, формализирање на бизнисите, посебно во занаетчиството, може да ги зајакнеме жените во стопанството и да создадеме потенцијал да отвараат бизниси и да ги унапредуваат фирмите со кои управуваат.*

*Економско јакнење на жените претприемачки е инвестиција во иднината, во просперитет на државата и на регионите во кои делуваат.*

*На конференцијата свое излагање имаше извршниот директор Анета*



*Атанасовска на која беше посочено за неопходноста од спречување на сивата економија во занаетчискиот сектор, можностите за жената за вработување и самовработување во занаетчиството како и пораката пренесена директно од занаетчиите дека не е време за даночни реформи во занаетчискиот сектор.*

# Меѓународната конференција во рамки на Проектот Еразмус Мастер 4.0



*Во месец јуни 2022 се одржа Меѓународната конференција во рамки на Проектот Еразмус Мастер 4.0 во Хрватската Занаетчиска комора на која свое излагање имаше Претседателот г-дин Горан Ристовски на тема Улогата на комората во развивањето на мајсторскиот испит. Во панел дискусијата на тема „Важноста на мајсторскиот испит во доживотното образование“ учествуваше државниот советник во Министерство за Економија г-дин Јумни Адеми.*

*Беа донесени заклучоци за користење на проектните резултати за унапредување на мајсторските испити во партнерските држави. Проектните активности беа насочени кон подобрување на магистерските испити, креирање нови прашања и програми за магистерски испити во земјите партнери Хрватска, Словенија, Република Северна Македонија и Црна Гора.*

*Оваа конференција не ги завршува активностите насочени кон подобрување на мајсторските испити. Имено, земјите-партнери ќе продолжат да ги развиваат и усовршуваат мајсторските испити на национално ниво и ќе продолжат да соработуваат меѓусебно во оваа област.*



# Студиско патување во Загреб во рамки на проектот Joint Mentorship

Во рамките на Еразмус+ проектот Joint Mentorship се реализираше студиско патување во Загреб од страна на носителот на проектот  во периодот од 21-23.11.2022 година

На студиското патување беа присутни претставници од Министерство за образование, Центарот за стручно образование и обука, СУГС  Димитар Влахов и работодавачи членови на Занаетчиска комора Скопје , и партнерите од Хрватска, Белгија и Романија.

Во ХОК беше презентирано стручното образование во Хрватска, и своја презентација имаа и Стручното училиште Вице Влатковиќ од Задар-Хрватска.

Во рамките на студиското патување беше посетено и Средното стручно училиште Самобор и компанијата Електроинжињеринг Бродар кои имаат ученици на пракса.









# JOINT MENTORSHIP-ЗАЕДНИЧКО МЕНТОРСТВО





Занаетчиската комора Скопје започнува нов проект JOINT MENTORSHIP: Better Cooperation for Better VET “ЗАЕДНИЧКО МЕНТОРСТВО: Подобра соработка за подобро средно стручно образование“ како партнер.

Главен апликант на проектот е Хрватската Занаетчиска комора од Република Хрватска и ќе се имплементира заедно со ЕУ партнерите GO! Atheneum Geraardsbergen од Белгија, Colegiul Tehnic од Романија и Универзитетот во Риека од Република Хрватска.

*Проектот има 2 клучни приоритети:*

**1. Подобрување на обезбедувањето квалитет во стручното образование и обука и**

**2. Придонес кон иновациите во стручното образование и обука.**

Општа цел на проектот е подобрување на квалитетот на стручното образование и обука. Конкретните цели се подобрување на соработката меѓу училиштата, работодавачите и другите релевантни чинители на стручното образование и обука и понатамошен развој на квалитетно менторство во компаниите.

Партнерите ќе организираат серија тематски состаноци и семинари во земјите учеснички на проектот за да ги зближат заинтересираните страни за средно стручно образование.

Е-платформата ќе биде дизајнирана, развиена и имплементирана како промотивна, едукативна и комуникациска алатка за училиштата, компаниите и другите релевантни чинители на стручното образование и обука.

Во рамките на платформата ќе биде дизајниран и изработен посебен е-дневник и е-портфолио за студенти. Исто така, ќе бидат развиени и имплементирани модули за е-учење за ментори во компаниите.

Од
Занаетчиска комора Скопје
Ул. Битпазарска бр.12, Скопје

До Агенција за храна и ветеринарство на РСМ
За Директор г-дин Николче Бабовски

**ПРЕДМЕТ: Барање за информација за забрана за користење на титаниум оксид Е-171 и одлагање на мерката за повлекување на набавените материјали кои ја содржат оваа супстанца кај пекарите и слаткарите**
Почитувани

Во Занаетчиска комора Скопје членуваат производители на храна и тоа пекари и слаткари. Имаме информација од членки кај кои е направена контрола од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство по налог за вонредна контрола во врска со употреба на адитивот прехрамбена боја Е171-титаниум оксид, кој што со регулатива на Европска унија е забранет за употреба.

Иако нашите членки пекари и слаткари немаа добиено никаква информација за забраната за користење на овие производи, а веќе од страна на инспекторите се врши контрола и повлекување на производите кои содржат титаниум оксид а ги имаат набавено.

Имаме негативна реакција од членството затоа што не се информирани на време, имаат направено трошоци за набавка на репроматеријалите и нема соодветна замена за истите, се наоѓаат во ситуација да немаат репроматеријали со што да работат.

Согласно погоренаведеното, Занаетчиска комора Скопје бара од Вас како надлежна институција да ни доставите официјална информација за забраната за користење на оваа супстанца исто така инсистираме да се одреди одложување на оваа итна мерка за повлекување на производите со законски рок на употреба на сите производи кои содржат титаниум оксид кој се користи само за декорација во слаткарство.

**За сите подетални прашања може да не контактирате на тел. 078 312-134**

Со почит

Занаетчиска комора Скопје
Претседател
Горан Ристовски

---

**БУТЕЛ**

Бутел а.д.-Скопје
бр. 08-353
26.07.2022 год.
Скопје

До: Занаетчиска Комора Скопје
ул.Битпазарска бр.12
Скопје

Предмет: Известување.

Почитувани,

Ве известуваме дека врз основа на извршените разговори на остварената средба со овластени лица од каменорезачката комора Скопје и Бутел А.Д. Скопје, Барањето за намалување на административните процедури во Правилникот за утврдување на редот, работното време и обезбедување мир на гробиштата поднесено од занаетчиска комора Скопје заведено под број 03-711/1 од 18.07.2022година, истото се прифаќа од страна на Бутел А.Д. Скопје, со цел избегнување на административни процедури, со што направено е заедничко решение помеѓу Управителот на Градските гробишта Бутел А.Д. Скопје и Занаетчиска Комора Скопје со цел избегнување на дополнителни административни и финансиски потешкотии, при тоа водејќи сметка да не се случуваат злоупотреби од страна на каменорезците на податоците на носителите на гробни места при вадење на одобрение за изградба на надгробни споменици.

Врз основа на претходно наведеното Ве известуваме дека досегашниот став 2. од член 17 се брише, при што се носи нов став 2 од членот 17 од Правилникот за утврдување на редот, работното време и обезбедување на мир на гробиштата кој што гласи:

Нарачателот на надгробниот споменик потпишува изјава за согласност при склучување договор со каменорезецот во која наведува дека се согласува на гробното место каменорезецот да изведува работи. Каменорезецот изјавата за согласност потпишана од нарачателот на надгробниот споменик ја доставува до А.Д. Бутел Скопје.

Оваа измена ќе стапи во сила и ќе почне да се применува започнувајќи од 01.09.2022година.

26.07.2022година
Скопје

Генерален Директор
Томе Зарков

---

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

До:
Занаетчиска Комора Скопје
ул. Битпазарска бр.12
1000 Скопје

**Предмет: Информација**
**Врска: Ваш број 0302-94/1 од 17.01.2022 година**

Почитувани,

Со Регулативата на Европската Комисија (Commission Regulation (EU) 2022/63, од 14 Јануари 2022) за измена на Регулативата бр. 1333/2008 година на Европскиот парламент, титаниум диоксид (E 171) повеќе не се смета за безбеден по човековото здравје како адитив во храната врз основа на научно мислење од направена проценка на ризик од ЕФСА од 6 Мај 2021 година и се забранува употребата на адитивот - прехрамбена боја Е171 - титаниум диоксид во храната.
Понатаму употреба се забранува во сите производи каде е дозволена употребата на адитивите - прехрамбени бои (вклучително и адитивот E 171) според принципот Quantum satis односно во категориите на храна наведени во делот Г и Д 01.2, 05.1, 05.4, 06.3, 06.5, 06.6, 06.7, 07.2, 12.6, 12.5, 12.6, 12.7, 13.3, 14.1.4, 14.2.3, 14.2.4, 14.2.6, 14.2.7.1, 14.2.7.2, 14.2.7.3, 14.2.8, 15.1, 15.2, 16, 17.1, 17.2, 17.3 од Правилникот за адитивите што се употребуваат во производството на храната („Сл.весник на РМ“ бр. 31/2012 и 114/2013).
Поради тоа, до инспекторите за храна е издаден налог да се изврши контрола кај сите операторите кои го употребуваат адитивот E 171 во производството на храна според принципот Quantum satis и да донесат решение за забрана за употреба на адитивот E 171 поради негативно штетно дејство врз здравјето на луѓето, а земајќи го предвид начелото на заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на интересите на потрошувачите поради потенцијален ризик по нивното здравје. Мерките се наредуваат врз основа на член 120 став 8 и член 127 став 1 и повикувајќи се на начелото за заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на интересите на потрошувачите поради потенцијален ризик по нивното здравје.
Храната која е веќе произведена, може да се употребува до истекување на рокот на употреба.

OB-T3.3-06ed3

1/1



# Одржан промотивен настан за стручното образование “До врвот на успехот преку патот на занаетот“

Мај, 2022 год. Во основното училиште „Блаже Конески“ денеска се одржа настан за промоција на средното стручно образование организиран од Занаетчиската комора – Скопје и ОУ Блаже Конески во Општина Аеродром-Скопје.Во овој настан сесе вклучија и учениците до петто одделение при ООУ„Блаже Конески", предводени од нивните наставници. Со голем интерес се запозна со видови занаети, стекнаа знаења за значењето на занаетот во општеството, открија интересни тајни на занаетите и изразија целосна посветеност и креативност во нивните лични изработки.





Пред голем број заинтересирани граѓани, се одржа промоција и презентација на средните стручни училишта на територијата на Град Скопје, како и на занаетчиските занимања кои се изучуваат во рамките на нивните наставни програмиЦелта на ваквата промоцијата е квалификација на кадар со цел да се задоволат потребите на занаетчиството и стопанството.













## „Денови на филигранство и ракотворби“-Од 5-ти до 8-ми мај 2022 на приземјето во Скопје Сити Мол се одржаа „Денови на филигранство и ракотворби“, каде што беа претставени и промовирани филигранскиот занает и уникатниот накит кој претставува дел од македонската традиција.




**Филигранскиот накит е спој на филигранските техники и вештини и дизајнот, спој на традиционалното и современото – уметничко дело кое ја отсликува нашата култура.**

На „Денови на филигранство и ракотворби“ се презентираа многубројни изработувачи на накит од филигран, накит од монистра, полускапоцени и скапоцени камења, оргонит.

Целта на настанот е на едно место да се презентира уметноста, креативноста, дизајнот и умешноста на вредните раце на ракотворците што ја испреплетле традицијата, културата на живеење со современото и модерно живеење и создале нешто единствено и вредно. Филигранскиот накит претставува уникатен и прекрасен украсен објект кој го одзема здивот и е вистинска скапоцена глетка.

Во рамките на тридневниот настан „Денови на филигранствои накит“, заинтересираните посетители имаа ексклузивна можност на самото место да видат како се изработува филигранот и да дознаат дел од тајните на овој познат и тежок занает.

Оваа промоција е прекрасен начин да се сочува традицијата и културата споена со модниот дизајн. За да се искуси моќта на кое било занаетчиство, и за да се допре, види и почувствува дизајнот, занаетот мора да му даде постоење, изведба и реализација на дизајнот, па токму и затоа тие не можат еден без друг.

Според организаторите, со тек на времето се губат традиционалните културни вредности меѓу кои се вбројува и филигранот, но бидејќи од минатото не може да се живее, потребно е насочување и фокусирање кон иднината, за да се спојат со современото живеење и за да се создадат и искреираат нови вредни и уникатни производи кои ќе влезат во креативната индустрија во земјата, но и во странство.








# Успешно организиран настан МОВЕМБЕР 2022 во Скопје Сити Мол

Успешен спој на мајстори, ученици, средни стручни училишта, козметички куќи, креативноста и уметноста на едно место, во прекасен настан за подигање и движење свеста кај машката популација за превенција и скриниг на машкото здравје од страна на Фризерска секција при Занаетчиска комора Скопје. Фотографиите во прилог ја покажуваат успешноста на настанот.







Занаетчиска комора Скопје организираше продажни базари за секцијата домашни ракотворби и уметнички занаети во Градски Трговски Центар и Рамстор Мол по повод Новогодишните и Божиќните празници и Денот на жената 8-ми март во 2022 година.  Интересот за учество на базарите од страна на занаетчиите е особено зголемен и е од особена важност за развојот на креативното занаетчиство.







# Членки на Занаетчиска комора Скопје учеснички на Изложбата „жени во занаетчиство"



Изложбата „жени во занаетчиство" беше посетен од голема група на пријавени посетители, министерки во Владата на РСМ, група пратенички од Собранието на РСМ и средношколци од Скопје и Охрид на која излагачи беа жени занаетчии членки на комората.

Присутните се запознаа со културата која во себе ја носат уникатните производи на жените занаетчии и важноста на женското претприемништво.

Настанот е организиран во рамки на проектот Мерки за зајакнување на женски бизниси по Ковид-19 кој е спроведен од ЦУП а поддржан од USAID North Macedonia и Balkan Trust for Democracy.







## УСЛУГИ КОИ ГИ НУДИ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ

- Регистрација на занаетчии преку едношалтерски систем
- Упис на ТП, ТД (ДОО,ДООЕЛ) во евиденција на вршители на занаетчиска дејност за добивање лиценца
- Заверка на договори за практична обука на ученици кај занаетчии
- Спроведување на постапка за вработување и престанок на работен однос на работници и постапка за ослободување од плаќање придонеси за пропишаната категорија на лица
- Изготвување на МПИН за занаетчии-паушално оданочени
- Изготвување на ЕПДД за закуп
- Регулирање на пензиски стаж со изготвување на М4 обрасци
- Совети за отпочнување на бизнис, бесплатни правни совети и финансиски и даночни советувања
- Изработка на елаборати за заштита на животна средина за занаетчии по најповолни цени
- Упис, промена, ликвидација и стечај на ТП, ТД (ДОО, ДООЕЛ)
- Спроведување на стечај за занаетчии
- Посредување при изготвување на потребни документи согласно Законот за безбедност и здравје при работа
    - Систематски прегледи
    - Обуки за прва помош
    - Изготвување на проценка на ризик со изјава за безбедност
    - План за евакуација и спасување во случај на опасност
- Организирање на деловни средби,учество на семинари, настапи на саеми и базари за своите членови
- Организирање на обуки за занаетчиски занимања  во Центарот за образование на возрасни на Занаетчиска комора Скопје

веб страна: www.zkomora.com.mk
FB. Zanaetciska Komora Skopje Skopje
Издава: Занаетчиска комора Скопје
Ул. Битпазарска бр.12, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0) 23237-850 Централа
Email: info@zkomora.com.mk

Дизајн и припрема:
Анета Атанасовска

Печати: Европа 92
ISSN 1857-8322